Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-

-Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore-

**Архивски број:** 04-1992/1

**Датум:** 19-02-2026

Врз основа на член 11 и член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници ("Сл. весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и "Службен весник на РСМ" број 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) и Предлогот за вработување на кандидатот по Јавен оглас број 14/2026 од Агенцијата за администрација, Државниот секретар на Министерство за социјална политика, демографија и млади донесе

## О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во Министерство за социјална политика, демографија и млади**

1. Мирлинда Врангала, се избира од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Министерство за социјална политика, демографија и млади, за работното место Помлад соработник за буџетска анализа, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања со шифра на работно место УПР0101В04000.
2. Именуваната ќе заснова работен однос во Министерство за социјална политика, демографија и млади на работното место од точка 1 од ова решение по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, Агенцијата за администрација по барање на Министерство за социјална политика, демографија и млади на ден 10.01.2026 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Вечер", "Слободен печат" и "Коха", објави јавен оглас број 14/2026 за пополнување на работното место Помлад соработник за буџетска анализа, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања.

Агенцијата за администрација со Решение формираше Комисија за селекција на вработување по јавен оглас бр.14/2026. По завршување на сите три фази од постапката за селекција на кандидатите, Агенцијата за администрација достави до Министерството за социјална политика, демографија и млади, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

на кандидати со најголем број на освоени бодови за работното место под број 1 од јавниот оглас бр. 14/2026 година, со број 10-127/7 од 16.02.2026 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас број 14/2026 година, со број 10-127/7 од 16.02.2026 година, Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади за работното место Помлад соработник за буџетска анализа, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања со шифра на работно место УПР0101В04000 го избира кандидатот Мирлинда Врангала..

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Државен секретар
Fatmir Sabriu

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk